Тања ПАНЕВА

# ТУРЦИЈА И ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИЈА

## Вовед

Можноста за проширување на Европската Унија (ЕУ, Унијата) со држава со специфични карактеристики каква што претставува Турција, предизвика појава на многубројни академски дискусии и дебати[1] чија главна тема

1 Види во Yilmaz, Bahri. "Turkey's membership in the EU: Realistic or Merely Wishful?" International Harvard Political Review. January 6, 2011. http://hir.harvard.edu/turkey-s-membership-in-the-eu-realistic-or-merely-wishful (достапно на 12.12.2013); Shakman Hurd, Elizabet. "What is driving the European Debate about Turkey?" Insight Turkey. Vol.12, 2010. стр. 185-203 http://www.academia.edu/898024/_What_is_driving_the_European_debate_about_Turkey_ (достапно на 10.12.2013) Aksit, Sait and Cigdem Ustun. "In Search of an EU Wide Debate on Turkey". Turkey watch: EU member states Perceptions on Turkey's Accession to the EU. November 2009. стр. 11-19 http://sinan.ces.metu.edu.tr/dosya/turkey_watch_en.pdf (достапно на 10.12.2013)

Авторката е магистерка на политички науки и активна членка на повеќе граѓански организации.

се промените на самиот карактер на Унијата кои би биле директна последица на евентуалниот прием на Турција во ЕУ. Имено, се поставува и прашањето дали Турција се наоѓа во географските граници на ЕУ и дали посебните културолошки и вредносни сфаќања прифатени во државата можат да се интегрираат со веќе прифатените вредности и верувања на државите членки на ЕУ.

Истражувањето на прашањето за интеграцијата на Турција во ЕУ е важно поради тоа што евентуалниот прием на државата во Унијата ќе резултира со бенефити за обете страни. Од една страна, Турција ѝ е потребна на Европа поради тоа што претставува стабилизирачки фактор во регионот и држава која ја поврзува Европа со Средниот Исток, а од друга страна приемот на Турција во ЕУ би придонел за проширување на пазарот на кој брзорастечката турска економија ќе може да ги пласира произведените добра и услуги. Уште повеќе, истражувањето на оваа тема е важно затоа што може да даде одговор на прашањето дали создавањето на единствен и интегриран пазар и почитувањето на демократските принципи е основата на која се одвива проширувањето на Унијата или, пак, таа е ексклузивно христијански клуб на држави во кој нема место за поинакви вредносни убедувања.

Одложувањето на приемот на Турција во ЕУ се оправдува со тврдењето дека во одредени области Турција сè уште ги нема исполнето поставените услови од страна на ЕУ. Овој труд ќе се обиде да покаже дека приемот на Турција во ЕУ не зависи единствено од исполнувањето на основните политички, економски и правни критериуми за влез во Унијата (Копенхашките критериуми), туку дека уште повеќе зависи и од дополнителните причини, какви што се религискиот, културниот и социјалниот фактор, кои се доволно влијателни за да предизвикаат одложување на интегративниот процес. Хипотезата на трудот ќе биде поткрепена со аргументи кои за појдовна основа го имаат концептот на „судир на цивилизации” на Семјуел Хантингтон.

Во првото поглавје е дадена теориската рамка и дефиницијата на поимот евроинтеграција, како и краток преглед на Копенхашките критериуми. Притоа следува приказ на наодите од обработката на постојните податоци за напорите кои Турција ги презела во повеќе различни области кон исполнување на овие критериуми, направен со примена на аналитичкиот метод. Второто поглавје се концентрира на останатите, дополнителни фактори и причини кои го одложуваат евроинтеграциskiот процес на Турција. Со употреба на полемичкиот метод ќе бидат разгледани различни ставови и гледишта за и против евентуалното членство на Турција во ЕУ, вклучително и преку приказ

и обработка на изјави на официјални претставници на Турција и ЕУ, со цел разгледување на ова прашање од различни перспективи. Третото поглавје содржи преглед на постојни емпириски податоци и резултати од Евробарометарот за расположението на граѓаните на ЕУ за евентуалнот прием на Турција во Унијата.

## 1. Теориска рамка за разгледување на евроинтеграцискиот процес на Турција

Во ова прво поглавје даден е преглед на теориската рамка за разгледувањето на евроинтеграцискиот процес на Турција. Прегледот најпрво ги разгледува важните теории во врска со евроинтеграциите и го појаснува разбирањето на концептот евроинтеграции, кое се користи за потребите на овој труд. Потоа, даден е краток преглед и на Копенхашките критериуми и напредокот на Турција кон нивно исполнување.

### *1.1 Теориските основи на евроинтеграциите*

Интеграцијата на една држава во ЕУ е пред сè, економска интеграција која подразбира постоење единствен пазар на кој размената на добра, услуги и фактори на производство помеѓу државите членки е ослободена од царински давачки и дополнителни увозно-извозни ограничувања. Во зависност од тоа кои актери се клучни при процесот на европска интеграција, постојат повеќе теории кои на различен начин гледаат на проширувањето на ЕУ. Теории кои го разгледуваат тековниот процес на евроинтегрирање се теоријата на неофункционализмот, теоријата на интергавернментализмот и теоријата на конструктивизмот наспроти современите теории на либерален интергавернментализам и теорија на институционализмот според рационален избор.[2]

Теоријата на неофункционализмот е поставена во доцните педесетти и почетокот на шеесеттите години од страна на Ернст Хас и Леон Линдберг како одговор на формирањето на Европската Заедница за јаглен и челик и Европската економска заедница.[3] Еден од основачите

2 Климовски, Саво, Тања Каракамишева и Рената Дескоска. „Политички систем". Скопје: Просветно дело, 2009. стр. 323-325

3 Niemann, Arne and Philippe C. Schmitter. "Neo-functionalism" in Wiener, Antje and Thomas Diez (eds) "Theories of European Integration". New York: Oxford University Press, 2009. p. 45-66

и највлијателните теоретичари на неофункционализмот, Ернст Хас, ја дефинира интеграцијата како „процес каде што политичките актери во различни национални услови се мотивирани да ја пренесат лојалноста и политичката активност во насока на нов центар чии институции ќе владеат или тежнеат да постават јурисдикција над националните држави кои претходно постоеле."[4] Оваа широка дефиниција во себе вклучува социјален процес (лојалноста води кон создавање нови институции) и политички процес (создавањето на нови политички институции кои ќе бидат директно вклучени во дел од работите на државите членки).[5] Наспроти оваа дефиниција, теоретичарите на интергавернментализмот нудат дефиниција од другиот агол на спектрумот на теориите за интеграција. Тие повеќе се концентрираат на создавањето на политички институции во кои ќе пристапат државите членки, како и на меѓувладината соработка.

Додека неофункционалистичката теорија го задржува вниманието на значењето на супранационалните актери во процесот на европската интеграција, теоријата на интергаверментализмот (Хофман, Моравчик)[6] смета дека европската интеграција е првенствено водена од интересите и акциите на европските национални држави. Сепак и двете дефиниции се согласуваат дека интеграцијата претставува процес. И неофункционалистите и интергавернменталистите се повеќе концентрирани на процесот на интеграција отколку на воспоставениот политичкиот систем до кој води интеграцијата.

Конструктивизмот (Марч и Олсон)[7] и социјалниот институционализам ја нагласуваат улогата на заедничките општествени норми и вредности како централни фактори во објаснувањето на соработката помеѓу државите, но од друга страна, стравуваат од преголемо губење на суверенитетот. Теоријата на либерален интергаверментализам (Моравчик) го дели процесот на донесување одлуки во ЕУ на две нивоа: барање европска интеграција од страна на домашните економски и социјални

4 Haas B., Ernst. "The Uniting of Europe: Political, Social and Economic Forces 1950-1957". Notre-Dame University Press, July 2004. p.140

5 Wiener, Anthe and Thomas Diez. "Theories of European Integration". New York: Oxford University Press, 2009. p.2

6 Види повеќе во Moravcsik, Andrew and Frank Schimmelfenning. "Liberal Intergovernmentalism ".
http://www.princeton.edu/~amoravcs/library/intergovernmentalism.pdf и
Hoffman, Stanley. "The European Sisyphus, Essays on Europe 1964-1994 ". Boulder, CO: Westview Press.

7 Види повеќе во March, James G., and Johan P. Olsen. "Institutional Perspectives on Political Institutions". Governance. Vol. 9, Issue 3. July 2006. p. 247-264

актери од една страна и обезбедување на европска интеграција преку меѓувладини преговори од друга страна.“[8]

Теориите за евроинтеграција се често поврзани со практичното донесување одлуки или одредени настани во рамки на ЕУ. Тие дополнително ги појаснуваат и конкретните настани и одлуки кои се производ на процесот на евроинтеграција на одредена држава.

### *1.2. Копенхашките критериуми како основни за прием во ЕУ и досегашните напори на Турција за нивно исполнување*

Приемот на нова држава членка во рамките на ЕУ подразбира исполнување на одредени услови и критериуми поставени од страна на Унијата. Имено, во јуни 1993 година, лидерите на државите-членки на ЕУ на самитот во Копенхаген ги поставија трите основни критериуми, познати како Копенхашки критериуми, кои треба да бидат прифатени и исполнети од страна на државите кандидати за членство во ЕУ.[9] Копенхашките критериуми се состојат во: постоење стабилни институции кои ја гарантираат демократијата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и правата на малцинствата; постоење на пазарна економија и како трет критериум е спроведувањето на *acquis communitaire* (збирот на заедничките правни акти - заедничкото право на Унијата).[10] Процедурата за прием на нова држава членка во ЕУ продолжува со донесување одлука од страна на Европскиот Совет во врска со (не)исполнувањето на Копенхашките критериуми. Доколку се процени дека државата ги исполнила поставените услови, се започнува процесот на преговори за членство во Унијата.

Првиот чекор кон соработка на Турција со ЕУ е направен на 12 септември 1963 година, кога е потпишана спогодбата за асоцијација, позната како спогодба од Анкара, од страна на лидерите на тогашната Европска економска заедница (ЕЕЗ) и Турција.[11] Спогодбата од Анкара предвидуваше воспоставување на царинска унија што требаше да овозможи јакнење на трговијата и економските односи помеѓу двете страни. На Хелсиншкиот самит во декември 1999 година, Турција

8 Ibid

9 European Commission Official Website: Enlargement, Conditions for Membership. http://ec.europa.eu/enlargement/policy/conditions-membership/index_en.htm (достапно на 13.12.2013)

10 Ibid

11 Ministry for EU Affairs Turkey - Official Website: History of EU-Turkey Relations http://www.abgs.gov.tr/index.php?p=111&l=2 (достапно на 03.12.2013)

го доби статусот на земја-кандидат за членство во ЕУ.[12] По ова, во периодот помеѓу 1999 и 2004 година, државата направи големи чекори кон исполнување на Копенхашките критериуми, особено во поглед на постоењето на стабилни институции, владеењето на правото, почитувањето на човековите и правата на малцинствата.[13] Како резултат, на 17 декември 2004 година, по претходна препорака на Европската комисија, Европскиот совет донесе одлука за отпочнување преговори со Турција за влез во ЕУ, а преговорите симболично започнаа на 3 октомври 2005 година.[14] Во извештајот на Европскиот совет, во врска со отпочнувањето на преговорите помеѓу Турција и ЕУ, меѓу другото, е потенцирано и дека:

*„Европскиот Совет се согласува со претходните заклучоци за Турција донесени* на самитот во Хелсинки, на кој ѝ беше доделен кандидатски статус на земјата. Турција е земја-кандидат за која важат истите критериуми за членство како и за другите земји-кандидати за членство во Унијата. Како последица на тоа*, со оглед на препораката и извештајот од Европската* комисија за исполнувањето на Копенхашките политички критериуми од страна на Турција, преговорите за членство помеѓу ЕУ и Турција ќе започнат без одложување.“[15]

Темите на преговарање помеѓу Турција и ЕУ се поделени во 35 поглавја и опфаќаат исто толку различни области. Но, дел од поглавјата се затворени и по нив не се преговара поради различни надворешни фактори. Имено, пет поглавја се блокирани од Франција (пр. економска и монетарна политика), осум не можат да бидат отворени поради нератификувањето на дополнителниот Протокол (пр. слободно движење на добра), по други шест поглавја не се преговара поради блокада од страна на кипарско-грчката администрација, а преговорите за дополнителни три области ќе започнат во случај на исполнување на одредени технички критериуми.[16]

И покрај забележаниот напредок во одредени области во преговорите, сепак процесот за прием на Турција во ЕУ се одвива бавно и

12 Ministry of foreign Affairs Turkey - Official Website: Turkey and EU http://www.mfa.gov.tr/relations-between-turkey-and-the-european-union.en.mfa (достапно на 01.12.2013)

13 European Union Information Website: EU-Turkey Relations, http://www.euractiv.com/enlargement/eu-turkey-relations/article-129678 (достапно на 01.12.2013)

14 Presidency Conclusions of the European Council no.4. 01 February 2005, Brussels.

15 Ibid, p.4

16 Ministry of foreign Affairs Turkey: Turkey and EU http://www.mfa.gov.tr/relations-between-turkey-and-the-european-union.en.mfa (достапно на 01.12.2013)

комплицирано. Официјалниот став на ЕУ за динамиката на процесот на евроинтеграција на Турција е дека Турција има нерешени прашања во врска со трговските врски со Кипар, слободата на изразување и правата на курдското малцинство.[17] Но, анализата на политичките односи, јавниот дискурс, како и на други фактори покажува дека покрај основните Копенхашки критериуми, на чие исполнување ЕУ официјално се повикува, постојат и дополнителни фактори кои можат значително да влијаат врз евроинтеграцијата на една држава. Дополнителните причини кои стојат зад долгиот процес на интеграција на Турција во ЕУ се објаснети во следното поглавје.

## 2. Дополнителни причини кои го одложуваат приемот на Турција во ЕУ

Долгиот, бавен и сложен процес на евроинтеграција на Турција нè насочува кон тврдењето дека приемот на Турција во ЕУ го претставува вредносниот судир или „судирот на цивилизациите" на Хантингтон, кој очигледно е многу тешко да се надмине. Уште повеќе, постои тврдење дека економската интеграција на Турција со западните земји е невозможна поради крајно различните општествени и политички структури, како и поради различните искуства од минатото на Турција и Западот.[18] Во продолжение ќе биде претставено влијанието на „судирот на цивилизациите" врз процесот на евроинтеграција на Турција, како пристап кој, според авторката, најсоодветно ги објаснува вредносните разлики и односите на Турција и ЕУ од теориска перспектива. Ќе бидат пренесени и ставовите на официјалните претставници на клучните држави членки на Унијата, Франција и Германија во врска со ова прашање. Со оглед на финансиската моќ, големото влијание врз процесот на донесување на одлуки и креирање политики на ниво на Унијата, ставот на Франција и Германија е од витално значење за потенцијалните земји-кандидати за членство во ЕУ.

Главната хипотеза на Хантингтон е дека: основниот извор на конфликти во новиот свет нема да биде политички*, ниту економски…*

17 European Union Centre of North Carolina."Turkey's Quest for EU Membership". EU Briefings. March 2008 http://europe.unc.edu/wp-content/uploads/2013/08/Brief4-0803-turkeys-quest.pdf (достапно 10.12.2013)

18 Husamettin, Inac. "Identity problems of Turkey during the European Union Integration Process". *Journal of Economic and Social Research. no.6. p. 34-35*

*Различните култури ќе претставуваат о*сновен извор на конфликти, кои ќе се одвиваат помеѓу нации и групи од различни цивилизации.[19] Притоа, централен поим во хипотезата на Хантингтон е цивилизацијата, дефинирана како највисока културолошка заедница и основа на која луѓето го градат својот идентитет.[20] Главна карактеристика по која ќе се разликуваат различните цивилизации е религијата.[21] Во контекст на ова тврдење се поставува и прашањето дали во ЕУ, каде што доминантна религија на државите-членки е христијанството, има простор за интегрирање на држава каде што доминантна религија е исламот – како што е тоа Турција. И покрај тоа што Турција е секуларна држава, прашањето за различните религии секогаш се наоѓа во центарот на дебатите за приемот на државата во ЕУ. Во прилог на ова, и самиот Хантингтон ја наведува изјавата на турскиот претседател Озел дека *„Турција нема да стане член на Европската заедница, а вистинската причина за тоа е дека ние сме муслимани, а тие христијани, иако тие не го кажуваат тоа."*[22]

Од друга страна, Турција е членка на НАТО и се смета за европска држава.[23] Но, додека елитата на Турција смета дека државата може да се интегрира со западните земји, елитата на Запад одбива да ја прифати таквата идеја. Двете држави кои најмногу му се спротивставуваат на приемот на Турција во ЕУ се Германија и Франција. Заедничко за двете држави е што имаат значителен број на турски (муслимански) емигранти на своја територија. Токму стравот од дополнителниот број на емигранти по влезот на Турција во ЕУ, кој би бил резултат на слободното движење на работната сила во рамките на Унијата, е една од причините поради кои Германија и Франција се противници на идејата за ЕУ проширување со Турција.[24] На спротивната страна, турскиот претседател Абдула Ѓул се обидува да ја покаже неоснованоста на овие стравови: „да се работи во Европа воопшто не е приоритет на турското население. *Доколку интеграцијата се случи, Турците од срцето на*

19 Huntington, Samuel P. "The clash of civilizations and the Remaking of World Order". New York: Simon and Schuster, 1996. p.22
20 Husamettin, Inac. "Identity problems of Turkey" ... p. 37
21 Ibid
22 Huntington, Samuel P. 1996 "The clash of civilizations" … p. 42
23 Ibid
24 Cavanaugh, Chase. "Turkey's Difficult Entry into the European Union". The Washington Review on Turkish and Eurasian Affairs. February 2011. http://www.thewashingtonreview.org/articles/turkeys-difficult-entry-into-the-european-union.html (достапно на 12.12.2013)

*Европа – Германија , Франција – би сакале да се вратат назад . Можеби ќе се обидете да ги спречите, затоа што ви требаат.“*[25]

Понатаму, спротивставувањето на Германија и Франција за влез на Турција во ЕУ беше изразено и преку изјави дадени од страна на лидерите на овие западноевропски држави. Германската канцеларка Ангела Меркел изјави дека пристапувањето кон ЕУ не е еднонасочна улица, сите критериуми мора да бидат исполнети.[26] Поранешниот францускиот претседател Никола Саркози искажува уште поцврст став кон отфрлање на идејата на прием на Турција во ЕУ: Европа лежи во своите граници. Турција е во Мала Азија*, а не во Европа*.[27] Саркози дури предлагаше и прекин на преговорите за членство на Турција во ЕУ. Наместо полноправно членство во ЕУ, Франција и Германија предлагаат статус на „привилигирано партнерство”[28] помеѓу Турција и ЕУ, предлог што турските власти го сметаат за навредлив.[29] Меѓу надворешните набљудувачи, повеќедимензионалната регионална дипломатија на Турција и бавното движење кон хармонизацијата со ЕУ, заедно со отпорот од членките на Унијата, Германија и Франција, кон пристапувањето на Турција, доведоа до стравување дека Турција се оддалечува од Западот. [30]

Наспроти изјавите од ваков вид, преку кои директно ѝ се укажува на Турција дека не е добре дојдена во ЕУ, изјавите и ставовите на официјалните претставници на ЕУ се многу поумерени и дури искажуваат поддршка за процесот на интеграција на Турција во Унијата. Оваа околност, секако, претставува мотивациски фактор за Турција да продолжи да се залага за поинтензивни преговори со ЕУ. Во јуни 2011 година, владата на турскиот премиер Ердоган формираше

25 European Union Information Website. “Turkish President: We don’t want anything other than EU membership”. 18.06.2010 http://www.euractiv.com/enlargement/turkish-president-we-don-t-want-anything-else-membership-interview-495367 (достапно на 10.12.2013)

26 Ibid

27 Ibid

28 BBC News: “EU seeks to unblock Turkey membership talks”. 14.12.2013 http://www.bbc.co.uk/news/world-europe-12185904 , (достапно на 18.12.2012)

29 European Union Information Website. “Turkey’s Chief Negotiator: Privileged Partnership is an Insult”. 2009 http://www.euractiv.com/enlargement/turkey-chief-negotiator-privileged-partnership-insult/article-186179 (достапно на 15.12.2013)

30 Токјај Менексе . „Пристапот на Турција во ЕУ доби поттик”. SET Times. 15.06.2011 http://www.setimes.com/cocoon/setimes/xhtml/mk/features/setimes/features/2011/06/15/feature-01 (достапно на 13.12.2013)

Министерство за европски прашања, кое ја презеде координацијата на патот на Турција кон ЕУ, а како крајна цел ова Министерство пред себе го има целосното хармонизирање со ЕУ до крајот на 2013 година.[31] Во Извештајот на Министерството за европски прашања од 7 јануари 2014 година, опишани се резултатите од работата и активностите на Турција во врска со придвижувањето кон ЕУ:

*,,2013 година, која претставува 50-годишнина од спогодбата од Анкара, беше период во кој реформаторскиот карактер на Турција беше нагласен и година во која се случија многу важни настани за односите помеѓу Турција и ЕУ. Извештајот на Европската комисија од 2013 година беше подготовен во пообјективен и поконструктивен дух во споредба со претходните извештаи, што придонесе за попријатна атмосфера во односите помеѓу Турција и ЕУ. Извештајот од 2013 година на Европската комисија не даде признание само за политичките реформи, туку и за економскиот успех на Турција и покрај светската економска криза, заедно со нашиот напредок во хармонизацијата со правото на ЕУ. Покрај тоа, отворањето на поглавјето за ,,Регионална политика и координација на структуралните инструменти" на 5 ноември 2013 година беше одлучувачки настан за завршување на застојот во преговорите за пристапување кон ЕУ, којшто траеше три години и половина."*[32]

Покрај ставовите на политичките лидери и од земјите членки и од самата ЕУ, како и оние на лидерите од Турција, исклучителна важност за можноста од краен позитивен исход на евроинтеграцискиот процес на Турција има и јавното мислење во земјите-членки на ЕУ. Токму затоа, тоа е предмет на краток преглед во следното поглавје.

### 3. Јавното мислење за приемот на Турција во ЕУ

Јавната поддршка за процесот на проширување на ЕУ е секако исклучително важна поради тоа што одлуките за проширување на Унијата на крај добиваат потврда преку референдум во државата-кандидат за членство во ЕУ откако преговорите се завршени и затворени. Преку ваквиот облик на непосредна демократија и граѓаните од државите

31 Ibid

32 Ministry for EU Affairs Turkey: 2013 Progress Report. p.3

членки на ЕУ можат да го искажат своето (не)задоволство од одлуката за прием на нова членка во Унијата. Одржаните референдуми во државите-членки на ЕУ во врска со кандидатскиот статус и евроинтеграцискиот процес на Турција не секогаш имаа позитивен исход. На пример, по одлуката на Европскиот Совет за отпочнување преговори со Турција за пристапување кон ЕУ, Французите и Холанѓаните кажаа „не" на референдумот за ратификација на Уставниот Договор, чиј составен дел беше и одлуката за Турција.[33] Негативното расположение на државите-членки на ЕУ кон Турција беше присутно и во анкетите на Евробарометарот во тој период.[34] Главна причина за ваквиот негативен тренд на поддршка на Турција е исламофобијата и создадената слика за турскиот народ како инфериорен.[35] Ваквото расположение се должи и на стравот од радикалниот ислам, многубројните терористички напади врз земјите од Западниот свет, што придонесе за аверзија кон муслиманското население кај равиените, демократски држави.[36]

Табелата подолу ја изразува негативната нето поддршка од страна на дел од државите-членки на ЕУ кон приемот на Турција во ЕУ.

33 Beehner, Lionel. "European Union: The French and Dutch Referendums". Council on Foreign Relations. 2005 http://www.cfr.org/france/european-union-french-dutch-referendums/p8148 (достапно на 20.12.2013)

34 European Union Information Website. "Eurobarometer: Over half of EU citizens against Turkey's accession". http://www.euractiv.com/priorities/eurobarometer-half-eu-citizens-turkey-accession/article-142697 (достапно на 15.12.2013)

35 Husamettin, Inac. "Identity problems of Turkey during the European Union Integration Process". Journal of Economic and Social Research. no.6. p. 40

36 Oner, Selcen. "Turkey's membership to the EU in terms of Clash of Civilizations". The Journal of Interdisciplinary Economics. Vol. 20, 2009. p. 245-261 http://libris.bahcesehir.edu.tr/dosyalar/a.erisim/ae0096.pdf (достапно на 15.12.2013)

**Табела бр.1:** Нето поддршка за евентуален прием на Турција во ЕУ во земји-членки на ЕУ

| Држава | ЗА | ПРОТИВ | Нето поддршка |
|---|---|---|---|
| Шведска | 48 | 41 | 7 |
| Полска | 42 | 37 | 5 |
| Шпанија | 40 | 33 | 7 |
| Португалија | 40 | 38 | 2 |
| Литванија | 27 | 50 | -23 |
| Словенија | 49 | 55 | -6 |
| Франција | 21 | 68 | -47 |
| Германија | 21 | 74 | -53 |
| Малта | 39 | 40 | -1 |
| Унгарија | 41 | 43 | -2 |
| Велика Британија | 38 | 42 | -4 |
| Ирска | 33 | 40 | -7 |
| Холандија | 41 | 52 | -11 |
| Летонија | 31 | 51 | -20 |
| Белгија | 36 | 60 | -24 |
| Естонија | 27 | 53 | -26 |
| Данска | 33 | 59 | -26 |
| Чешка | 30 | 57 | -27 |
| Словачка | 28 | 56 | -28 |
| Италија | 27 | 57 | -30 |
| Грција | 29 | 79 | -50 |
| Австрија | 11 | 80 | -69 |
| Луксембург | 19 | 74 | -55 |
| Кипар | 16 | 80 | -64 |

*Извор : Евробарометар (2005 год.)* [37]

Просечната нето поддршка за членство на Турција во ЕУ изнесува -24 и е најниска во споредба со другите земји-кандидати. Покрај тоа, Турција е единствената земја кандидат која не ужива поддршка дури и кај поновите држави членки на Унијата, кои се порасположени за идејата за проширување на Унијата.[38] Негативниот тренд на

37 Превземено од: Ruiz-Jimenez, Antonia and Jose Torreblanca. "European Public Opinion and Turkey's accession". European Policy Institute Network. no.16, 2007. p.8

38 Ibid

поддршката од страна на европските граѓани кон проширувањето на Унијата со Турција може да биде резултат на пренесените изјави на влијателните политички лидери во врска со ова прашање, видот на пласирани информации од страна на медиумите, како и на поврзаноста со стереотипизираните слики за одредена група луѓе. Уште повеќе, во овие европски држави, јавното мислење за прашањето за членство на Турција во ЕУ е тесно поврзано и со негативната општествена слика за турските емигранти.[39]

Резултатите од спроведените анкети покажуваат дека поддржувачите на приемот на Турција во ЕУ се значително повеќе информирани за евроинтеграцискиот процес на Турција, во контекст на следење на процедурата и исполнување на критериумите и стандардите поставени од ЕУ, споредено со оние граѓани кои се против идејата за интеграција на Турција во ЕУ.[40] Еден од начините за создавање позитивно расположение при формирањето на јавното мислење помеѓу граѓаните ан ЕУ би бил, можеби, оставање доволен простор за да се формира мислење ослободено од влијанието на изјавите на политичарите и да се изгради став различен од официјалната државна политика во врска со ова прашање. Исто така, медиумите би можеле да придонесат кон пообјективно известување во врска со евроинтеграцискиот процес на Турција, и така што нема да придонесуваат кон ширењето и оддржувањето на предрасудите и стереотипите за турското население.

Што се однесува до јавното мислење на граѓаните на Турција во врска со приемот на државата во ЕУ, од 2004 година до денес, поддршката за евроинтеграцискиот процес на државата е во опаѓање. Евробарометарот покажа дека во 2009 година само околу 48% од турското население смета дека членството во ЕУ е позитивна работа[41], споредено со 66% за истото прашање во пролетта 2005.[42] Анкетата спроведена од Германскиот Маршалов Фонд на САД (German Marshall Fund of the United States), објавена во јуни 2011 година, го потврдува овој тренд.[43] Ваквиот резултат од анкетите во Турција не е неочекуван

39 Saz, Gokhan, . ”The Political Implications of the European Integration of Turkey: Political Scenarios and Major Stumbling Blocks”. European Journal of Social Sciences. no.1, 2011. p.54

40 Husamettin, Inac. “Identity problems of Turkey…” p.42

41 European Commission Official Website. Eurobarometer 71: Public Opinion in the European Union, 2009.

42 European Commission Official Website. Eurobarometer 63: Public Opinion in the European Union, 2005. http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb63/eb63_exec_tr.pdf (достапно на 14.12.2013)

43 German Marshall Fund of the US. Key findings report on Transatlantic Trends. 2011. p.37

поради тоа што населението во Турција е веќе уморно од долгиот преговарачки процес и новите услови и препреки кои постојано се поставуваат пред нивната земја како критериуми за членство во Унијата.

## Заклучок

Прашањето за евроинтеграцискиот процес на Турција беше важно да се истражи поради тоа што претставува специфичен пример за држава која има петдецениска историја во обидот да стане членка на ЕУ. Интересот за приклучување на Турција кон ЕУ е обостран. Имено, статусот на стабилизирачки фактор во регионот, држава која ја поврзува Европа со Средниот Исток и брзорастечката турска економија се карактеристики кои ја прават Турција сериозен кандидат за членство во Унијата. Од друга страна, интеграцијата во ЕУ, секако, ѝ оди во корист и на Турција поради широкиот пазар на кој ќе може да ги пласира своите производи.

Овој труд постави теориска рамка за евроинтеграцијата на Турција, и преку неа го оценуваше досегашниот процес на евроинтеграција на Турција. Преку аргументација поткрепена со теориска расправа и приказ на примери од јавен дискурс се покажа дека и покрај исполнувањето на формалните критериуми и успешно спроведените реформи, преговорите помеѓу Турција и ЕУ се одвиваат бавно и со повремени блокади. Иако официјалните претставници на ЕУ го поздравуваат исполнувањето на критериумите за членство и ја поттикнуваат Турција и натаму да работи во таа насока, пренесените изјави на влијателни политичари и резултатите од Евробарометарот покажаа дека самите држави членки не го поддржуваат приемот на Турција во ЕУ.

Како заклучок се наметнува прашањето дали членството на Турција во ЕУ е ограничено единствено на исполнувањето на политичките, правните и економските критериуми. Еднакво важни, а можеби и поважни се општествените фактори какви што се културата и религијата - вредносните разлики чиј продукт е „судирот на цивилизациите“.

## Резиме

Во овој труд претставен е процесот на интеграција на Турција во Европската Унија, како и причините поради кои тој има карактер на долготраен и сложен процес. Првото поглавје ги објаснува основните политички, економски и правни (Копенхашки) критериуми кои се поставени пред секоја земја кандидат за членство во ЕУ. Притоа, направен е преглед на конкретните политички и економски услови кои е потребно да ги исполни Турција за влез во Унијата. Наведени се и областите во кои, преку воведување реформи, Турција направи чекор повеќе кон градење развиено демократско општество. Зошто и покрај забележаниот напредок процесот на ЕУ интеграциите на Турција се одолговлекува и кои се дополнителните причини кои стојат зад тоа – тоа е прашањето на кое се концентрира второто поглавје на овој труд. Конечно, во третото поглавје анализирано е и прашањето на јавната поддршка од страна на граѓаните на ЕУ, како и ставот на граѓаните на Турција во врска со приемот на државата во Унијата. Објаснувањето на овие три прашања има за цел да ја утврди врската помеѓу исполнувањето на ЕУ стандардите од една страна како критериум кој го придвижува интегративниот процес и дополнителните причини и фактори од друга страна, кои го одложуваат процесот за прием на Турција во Унијата.


**Tanja PANEVA**

## TURKEY AND THE EUROPEAN INTEGRATION PROCESS


### Abstract

This paper examines the process of European integration of Turkey as well as the reasons for its prolongation and complexity. The first chapter provides insight into the fundamental political, economic and legal (Copenhagen) criteria defined for each candidate country for EU accession. Furthermore, the paper reviews the specific political and economic accession criteria that Turkey has to meet. Also listed are the areas in which Turkey achieved progress through reforms as a step toward building a developed democracy. Why it is that the European integration process is prolonged despite the progress made and what are the additional reasons for it – that is the focus of the second chapter of the paper.

Finally, the third chapter analyses the public support on the part of the EU citizens as well as the general public opinion among the Turkish population regarding the country’s EU membership. The main objective is to establish, by answering these three questions, the connection between meeting the EU standards on one hand, as criteria that propel the integration process, and the additional reasons and factors on the other hand, that prolong the accession of Turkey to the European Union.

**Библиографија**

***Книги***

Haas B., Ernst. "*The Uniting of Europe*: *Political, Social and Economic Forces 1950-1957*". Notre-Dame IN: Notre-Dame University Press, 2004.
Huntington, Samuel P. "*The clash of civilizations and the Remaking of World Order* ". New York: Simon and Schuster, 1996.

Niemann, Arne and Philippe C. Schmitter. "*Neo-functionalism*" in Wiener, Antje and Thomas Diez (eds) "*Theories of European Integration*". New York: Oxford University Press, 2009.

Wiener, Antje and Thomas Diez. "*Theories of European Integration*". New York: Oxford University Press, 2009.

Климовски, Саво, Тања Каракамишева и Рената Дескоска. „Политички систем". Скопје: Просветно Дело, 2009.

***Академски списанија***

Husamettin, Inac. "Identity problems of Turkey during the European Union Integration Process". *Journal of Economic and Social Research*. No.6, 2004.

Oner, Selcen. "Turkey's membership to the EU in terms of Clash of Civilizations". *The Journal of Interdisciplinary Economics.* Vol.20, 2009.

Ruiz-Jimenez, Antonia and Jose Torreblanca. "European Public Opinion and Turkey's accession". *European Policy Institute Network*. Working paper no.16, 2007.

Saz, Gokhan."The Political Implications of the European Integration of Turkey: Political Scenarios and Major Stumbling Blocks". *European Journal of Social Sciences.* No.1, 2011.

***Документи***

European Council Presidency Conclusions. February 2005. http://www.consilium.europa.eu/ueDocs/cms_Data/docs/pressData/en/ec/83201.pdf

European Union Centre of North Carolina. "Turkey's Quest for EU Membership". *EU Briefings*. March 2008

http://europe.unc.edu/wp-content/uploads/2013/08/Brief4-0803-turkeys-quest.pdf

http://www.abgs.gov.tr/files/AB_Iliskileri/AdaylikSureci/IlerlemeRaporlari/2013_tr_progress_report.pdf

The German Marshall US Fund. Key Findings on Transatlantic Trends 2011. http://www.gmfus.org/publications_/TT/TT2011_final_web.pdf

Ministry of EU Affairs Turkey 2013 Progress Report

http://www.abgs.gov.tr/files/AB_Iliskileri/AdaylikSureci/IlerlemeRaporlari/2013_tr_progress_report.pdf

***Весници***

Cavanaugh, Chase. "Turkey's Difficult Entry into the European Union". *The Washington Review on Turkish and Eurasian Affairs*, February 2011.

Токјај, Менексе. „Пристапот на Турција во ЕУ доби поттик". *SET Times*, 15.06.2011.

***Веб-страници***

BBC News- www.bbc.com.uk

Council of Foreign Relations – www.cfr.org

Europa-European Union Official Website – www.europa.eu

European Commission Official Website – www.ec.europa.eu

European Union Information Website - www.euractiv.com

Ministry for EU Affairs Turkey www.abgs.gov.tr

Ministry of Foreign Affairs Turkey – www.mfa.gov.tr